НЕОБИЧЕН ПОГРЕБЕН РИТУАЛ ЗА ОСНОВАЧОТ НА "ВОРЛД ПРЕС ИНСТИТУТОТ"

# Дел од Хери Морган почива во кањонот Матка



Фото: Б. Грданоски

*Новинарот на ВЕСТ ја расфрла пепелта на Морган во кањонот Матка крај Скопје*

**Американскиот новинар и авантурист Хери Морган им оставил аманет на синовите неговата пепел да биде расфрлана во што е можно повеќе земји низ светот. Во средата, три години по неговата смрт, дел од пепелта заврши во кањонот Матка со што Македонија е запишана на листата на повеќе од 30 земји во кои е погребан Морган**

## Претседателе Чаушеску, ако одиме на лов би можел да ве застрелам

Хери Морган бил многу почитуван гостин во Романија и често бил во друштво на диктаторот на Романија Николае Чаушеску. Неговиот син Хауард раскажува за еден настан кој ретко кој човек би се осмелил да го предизвика.

"Еднаш (Чаушеску) го повика во една од неговите шумски куќи. Чаушеску обожаваше да лови мечки и преку преведувач го праша татко ми ако сака да му се придружи во ловот. Татко ми дефинитивно не беше некој ловец и го кажа тоа, но исто така се пошегува: ´Јас сум толку лош стрелец... би можел да ве застрелам´! Преведувачот се засркна, но успеа да ја допреведе реченицата. Се разбира, никој не мислеше дека шегата е смешна. Сепак, Чаушеску продолжи да ја поддржува програмата на татко ми преку која во Романија патуваа американски уметнички групи, но тие никогаш не отидоа да ловат заедно", ни раскажа Хауард.




Кога американскиот новинар и авантурист Хери Морган, кој ги интервјуирал Мајка Тереза, Џон Кенеди, Индира Ганди, им оставил аманет на своите синови кога ќе умре неговата пепел да ја расфрлаат во што е можно повеќе земји низ целиот свет, ниту тој ниту тие не помислиле дека дел од него ќе почива и во Македонија. По три години од неговата смрт, во средата, потписникот на овие редови помогна во исполнувањето на желбата на Хери Морган и расфрла мал дел од неговата пепел во кањонот Матка. Со тоа Македонија влезе во листата на повеќе од 30 земји и над 120 градови, села, аеродроми, кањони, планински врвови... на кои е расфрлана пепелта на основачот на "Ворлд прес институтот" - организација која од 1961 секоја година одбира 10 новинари од целиот свет да ги пропатуваат Соединетите Американски Држави и да се запознаат со животот, политиката, новинарството - или како што Хери велел "и со доброто, и со лошото, незгодното, сé".

"Уште кога бевме многу мали татко ми мене и на брат ми Кип ни кажа дека сака да биде кремиран, но неговиот план вклучуваше нешто поголемо. Тој сакаше пепелта од неговото тело да биде расфрлена низ целиот свет и дека ние треба да уживаме во последните спомени и авантурите со него. До последниот ден сакаше да ги потпишува своите писма од електронската пошта со нешто како - ´кога ќе умрам, сакам да бидам целосно употребен´. Со други зборови, не сакаше да остави ништо на масата и да оди да ужива во животот", раскажува Хауард и додава оти Хери верувал дека телото е само привремено и дека спомените треба да траат засекогаш.

Хери Морган е роден 1934 година во Салинас, САД и уште од почетокот на неговата кариера се водел по наче-




*Со Кофи Анан (лево) пред автомобилот со ознака "Амбасадори за пријателство". - Екс првиот човек на ОН патувал низ САД заедно со Хери во почетокот на 1960-тите години*



*Дел од кремираните останки на Хери допатуваа во Македонија со Дуридански, откако во Сент Пол, Минесота му ги даде Хауард, синот на Морган*

Фото: Б. Грданоски

лата разбирање, пријателство, комуникација и итернационализам. Кога во 1960 година дошол на Мекалистер колеџот во Ст. Пол, Минесота, се приклучил на организацијата "Амбасадори за пријателство", која носела студенти од целиот свет да се запознаат со САД. Патувајќи во Обединетите нации, во Холандија преку воздухопловните сили на САД сфатил дека луѓето не ја разбираат Америка, па решил да го основа "Ворлд прес институтот", бидејќи новинарите многу полесно можат да допрат до обичните луѓе низ целиот свет. Досега над 500 новинари се запознале со "лошите, добрите и незгодните страни" на САД. Денеска неговата мисија ја продолжуваат неговите синови Хауард и Кип заедно со директорот на "Ворлд прес институтот" Дејвид Мекдоналд.

"´Ворлд прес институтот´ се разви во раните 1950-ти во поствоена атмосфера по Втората светска војна, кога мојот татко Хери Морган, гледајќи колку лошо луѓето од различните нации се разбираат меѓу себе, особено сеприсутните САД - кои со векови беа изолирани за да ја предводат потоа победата во две светски војни. Одбраните новинари потоа можеа да го искористат нивното искуство во текот на нивните кариери и да го пренесат на многуте читатели до кои секојдневно допираат. Мисијата на ´Ворлд прес институтот´ денеска е поважна повеќе од кога било, и покрај комплицираниот и преполн со информации дигитален свет", вели Хауард Морган.

Во 1964 година Хери Морган се сели во Њујорк каде работи за "Ридерс Дајџест", но останува вклучен во работата на неговиот "Ворлд прес институт". Тогаш избраните новинари престојувале во САД дури девет месеци, студирале новинарство, работеле во локални весници, спиеле каде ќе стигнат, патувале со што ќе најдат, интервјуирале највисоки државници, но и најобични луѓе. И покрај тоа што потоа пропатувал низ над 100 земји во светот, а интервјуирал светски познати историски личности како Џон Кенеди, Мајка Тереза, Индира Ганди, Еленор Рузвелт, Двајт Ајзенхауер, Елвис Присли, Ернест Хемингвеј и многу други, останал во комуникација со голем дел од неговите стипендисти организирајќи им најразлични средби и вечери со државници, писатели, новинари со Пулицерова награда во нивните витрини. Денеска, пак, Институтот може да се пофали дека неколкумина негови стипендисти освоиле Пулицерова награда, други станале светски познати писатели, а некои дури и министри во нивните земји.

Дејвид Мекдоналд, сегашниот директор на "Ворлд прес институтот", смета дека идејата на Морган мора да продолжи.

"Јас и бордот на директори на ´Ворлд прес институтот´ сме обврзани да ја продолжиме работата и визијата на Хери Морган. Ние веруваме дека вклучувањето на странски новинари во животот и културата на САД и фокусирање на најдобрите примери на новинарство - посебно улогата и одговорноста на слободниот печат во демократијата - е нешто коешто продолжува да биде голема вредност. Затоа се надеваме дека ќе го продолжиме тоа и во нашите наредни 50 години", вели Дејвид Мекдоналд.

Идеите на Хери Морган не завршиле со "Ворлд прес институтот". Тој подоцна ја формира и "Фондацијата Ам-

басадори за пријателство" која промовирала културна размена низ светот. Во 1971 година кога оваа фондација донела Американци во Чехословачка некои од оние кои се дружеле со нив завршиле и во затвор, а Морган веќе не можел да соработува со луѓе од оваа земја. Затоа, пак, бил контактиран од романскиот диктатор Николае Чаушеску кој рекол дека би бил почестен американски групи да дојдат во Романија - нешто што ќе ги шокира неговите пријатели од Русија. Оттогаш над 35.000 Американци заминале во Источна Европа најмногу во или преку Романија.

Интересно е што, иако приврзаник на слободната мисла и слободниот свет, Морган, откако му направил интервју на Чаушеску во 1971 година, станал и голем пријател со него. Но, тоа не му попречило во 1994 година да соработува и со посткомунистичката влада на Романија која го повикала да помогне во развојот на новинарството на универзитетите во Букурешт, Сибиу и Тимисоара. До крајот на својот живот во 2007 година тој останува во Тимисоара учејќи стотици студенти како да се пробиваат во светот на новинарството. Затоа и не е чудно што секое предавање го започнувал со мислата што го водела во текот на целиот негов живот: "Како новинар можеш да направиш промена на подобро во твојот живот и во животот на другите луѓе".



*Хери Морган со поранешниот генерален секретар на Обединетите Нации Кофи Анан и со Хауард Морган*

***Дарко Дуридански***


